# Радио Бубамара го претстави постерот на овогодишната „Златна бубамара на популарноста“

**Радио Бубамара го претстави постерот на годинашната манифестација „Златна бубамара на популарноста“, кој го изработи познатиот цртач на анимации Тхе Мичо од Битола.**

- Во духот на логото на овогодишната манифестација „За подобар живот“ постерот на 21. Златна бубамара претставува што се може да направи малку боја во сивилото на македонското општествено секојдневие, соопшти Радио Бубамара, порачувајќи: „бидејќи нема подобар живот, ни подобар воздух, единствено ни простанува подобра забава“.

„Златна бубамара на популарноста“ ќе се одржи на 22 февруари, годинава првпат во ВИП арената „Борис Трајковски“.